Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia per Promovimin dhe Perkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-180/15
10.07 20 25 год./viti
Скопје / Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

## - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24)), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

## ОДЛУКА

### за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатот **Катерина Чајлакоска**, се избира за работно место УПР0101В01000 – Советник за управување со органска храна и еко туризам, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, во Секторот за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.01/2025.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Архивски знак 0401
Рок на чување 10.07 20 25
10АЛ

Образложение

Со Интерен оглас бр. 01/2025 за унапредување административен службеник објавен на веб страните на АППТ и Агенцијата за администрација на ден 23.06.2025 година беше огласена потребата од унапредување административени службеници. За работно место УПР0101В01000 Советник за управување со органска храна и еко туризам, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, во Секторот за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи при што за

извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015 и 35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас и работното место се пријави еден кандидат и по спроведувањето на севкупната постапка од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати, предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, како и погоренаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

Директор
Билјана Стефановска

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ